**Philological Studies 21, 2, (2023)** **Оригинален научен труд**

**УДК 398.332.44(497.7)**
**УДК 791(497.7):39(=163.3)**
**DOI: https://www.doi.org/10.55302/PS23212047pk**

# РЕЛАЦИЈАТА МЕЃУ ЧОВЕКОТ И ПРИРОДАТА ВО ТРАДИЦИЈАТА И ВО ФИЛМСКИОТ НАРТИВ[1]

**Катерина Петровска-Кузманова**
*Институт за фолклор „Марко Цепенов“*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“*

**Апстракт**: Во фокусот на истражувањето е односот кон традиција и нејзиното влијание врз релацијата што ја воспоставува човекот со својата околина. Тргнувајќи од истражувањето на медиумското презентирање на традицијата поврзана со празникот Водици се разгледува можноста преку уметничкиот израз да се влијае врз односот на човекот кон природата. Во текстот се осврнувам на филмот „Господ постои, името ѝ е Петрунија“, кој го сметам за податлив, бидејќи иако е базиран на вистински настан, гради своја приказна, која отвора голем број актуелни општествени прашања, кои се однесуваат како на минатото така и на сегашноста што ја живееме. Таквата поставеност на филмскиот наратив дава можност за различни читања, кои се однесуваат на прашањата што се реферираат на односите на човекот со неговата околина. Во текстот, анализата е базирана на теоретските можности што ни ги даваат различните концепти на истражување и на толкување, кои се темелат врз етно-/екокултурна перспектива.

**Клучни зборови:** Водици, традиција, луѓе, природа, филмска нарција.

# THE RELATIONSHIP BETWEEN MAN AND NATURE IN TRADITION AND IN THE FILM NARRATIVE

**Katerina Petrovska Kuzmanova**
*Institute of folklore “Marko Cepnkov”, Skopje*
*Ss. Cyril and Methodius University in Skopje*

Abstract: The focus of the research is the attitude towards tradition and its influence on the relation that man establishes with his environment. Taking the research of the

[1] Трудот претставува дел од проектот „Меморија и екокосмос“, кој е поддржан финансиски од Министерството за образование и наука на РС Македонија (2021 – 2023), а организиран од Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје со Одлука за финансирање на научноистражувачки проекти бр. 12-15533/2 од 03.11.2021 г.

media representation of the traditions related to the Epiphany holiday as a starting point, we look at the possibility of influencing man's attitude towards nature through artistic expression. In the text, I refer to the film "God exists, her name is Petrunia", which I consider to be receptive to analysis because, although it is based on a real event, it develops its own story that raises a number of current social issues related both to the past and the present that we live in. Such a setting of the film narrative allows for different interpretation concerning the issues related to the relationship between man and his environment. In the text, the analysis is based on the theoretical possibilities provided by the different research and interpretation concepts based on the ethno/eco-cultural perspective.

**Keywords:** Epiphany, tradition, media, people, nature, film narrative.

Во колективната меморија празникот Водици се поврзува со крштевањето на Исус Христос во реката Јордан. Реконструкцијата на овој, како и другите „настани“ од Новиот завет, се темели врз библиската и литургиската порака, која ја одредува нејзината форма. Несомнено е дека овој празник, според голем број домашни и странски истражувачи[2], како и според сопствените теренски истражувања, е еден од најпопуларните празници во Македонија (особено во нејзи-

[2] Домазетовски, П. 1975. Водичарските обичаи и песни во Дримкол (Струшко). *Македонски фолклор,* год. VIII, бр. 15-16, Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“, 253-261.Китевски, М. 1982. Водичарски обичаи, верувања и песни од Дебарца (Охридско). *Македонски фолклор,* год. XV, бр. 29-30. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“, 183–225.Малинов З. 2006.*Традицискиот народен календар на шопско-брегалничката етнографска целина.* Посебни изданија, кн. 68, Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“. Паликрушева Г. 1975. Кумството и побратимството на Свети Јован. *Македонски фолклор,* год. VIII, бр. 15-16, Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“, 63-73. Пенушлиски К. 1988. Обредните и митолошките песни, во: *Одбрани фолклористички трудови,* 2, Скопје: Македонска книга, 7–32. Петреска В. 2008. Реактуелизација на традиционални колективни прослави. *Македонски фолклор,* 66, Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“, 205–222.Петреска В. 2014. Културно сеќавање и презентација на минатото преку религиско–обредната пракса. *Македонски фолклор,* 66, Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“, 105–117. Петреска В. 2020. *Ритуалното сродство во народната култура.* Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“. Поповски А. 1975. Водичарските обичаи и песни во с. Битуше (Река). *Македонски фолклор,* год. VIII, бр. 15-16, Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“, 243–252.Ренкас Ј. 2013. Збор-гест-текст. Прилог во проучувањето на обредно-обичајниот комплекс на празникот Богојавление во селото Битуше. *Спиектар*, год. XXXI, бр. 61, Скопје: Институт за македонска литература, 174-195. Целакоски Н. 1984. *Дебарца. Обреди, магии и обредни песни.* Скопје. Шапкарев, К. 1976. *Избрани дела,* IV, Обичаи, обреди, носии (приредил д-р Томе Саздов), Скопје.

ниот југозападен дел). Според верувањата празнувањето, обредните дејства, постапки и песни, кои се поврзани со празникот и се во тесна врска со просперитетот на заедницата. Празнувањето на Водици особено значење му дава на крштевањето како една од повеќето свети тајни на христијанството.

Во Македонија постојат голем број елементи, кои се заеднички при празнувањето на Водици, но се јавуваат и значајни разлики, преку кои може да се следи и степенот на зачуваност на обичајот (Петреска 2014: 105–116, Петреска 2020: 99–113, Малинов 2006: 115–118). Во традиционалната култура кумството, како и Светијовановото кумство имало значајно место во народниот живот (Паликрушева, 1975, 15–16; 63–68; Петреска 2020: 99–113). Разликите можат да се согледаат во времето на започнувањето на изборот на нов кум, бројот на кумови, начинот на предавање на кумството, но и во начинот на изборот на новиот кум, како и самиот начин на празнување.[3]Денес, традиционал-

[3]Еден ден пред празникот, на 18-ти јануари, кумовите, со котлиња со вода во која има крстови врзани со босилек, одат во црква. Откако попот ќе ги провери сите крстови дали се правилно врзани, ги пее сите крстови заедно и со тоа ја осветува (крштева) водата. Со овој чин, водата добива профилактичка моќ, со неа во текот на денот се прска низ куќата, шталата, и другите простории. Ова дејство има цел да ги избрка сите лошотии. Обредните дејства поврзани со прскањето може да се сметаат за средство преку кое се постигнува обредната цел, но и како комуникациски канал за контакт со натприродното и сл. Прскањето како симболички чин претставува потенцијална идна плодност што носи изобилие. Во Дебарца, Водици бил најголем и најзначаен празник во годината, а според Целакоски се славел повеќе дури и од Божиќ и од Велигден (Целакоски 1984: 93), се празнувал два дена. Првиот ден се нарекувал Машки Водици, а вториот Женски Водици. За време на Женски Водици се пеат водичарски песни, меѓу кои доминираат песните со пофалби и пожелби, кои се однесуваат на: домаќинството, одделните негови членови и општата благосостојба[3]. Во сите случаи, на 19 јануари се изведувала литија со крстови и икони, а потоа се одело на селската река, на селскиот вир, кладенец, каде што се вршело богослужба, молитва и се фрлал црковниот крст. По крстот скокале момчиња, а оној што ќе го фател одел низ селото и собирал пари. Дел од парите останувале за момчето, а дел за црквата, или пак во некои села на оној што го фатил крстот, попот, како награда, му давал извесна сума пари (Целакоски 1984: 95–96, 115,116; Китевски, 1982: 19–21; Домазетовски, 1975: 253–261; Петреска 2014: 105–116, Петреска 2020: 99–113).Истражувањата на североисточниот и на источниот дел во Македонија, во Шопско-брегалничката етнографска целина, покажуваат дека празникот Водици има важно место во обредниот календар, иако не толку, како што е случајот со некои предели од западниот дел на Македонија. Во овој регион свештеникот откако ќе ја изврши богослужба, го пушта, „го фрла“ крстот во вода (река, вир, корито од чешма или котел), со што ги „осветува водите“. Кулминација претставува „фрлањето“ на крстот во водата, потоа влегувањето на некој од присутните во водата (река, вир) и наоѓањето, односно фаќањето на крстот. Оној што ќе го фати крстот и ќе го извади од водата, се верува дека во текот на годината – „ќе биде среќен и ќе го служи добро здравје“, а истовремено за тој подвиг му следува и награда. Подоцна, тој со крстот ги обиколува куќите во населбата, а домаќините го наградуваат со продукти и со пари. Во некои места, каде што нема река за да се „фрли“ крстот, свештеникот, чинот на осветување на водите го врши

но, во Македонија, во речиси сите населени места, по завршувањето на литургијата во локалната црква свештениците заедно со народот одат до некоја поголема вода – река, езеро или базен – во која се фрла крстот, а дел од присутните, во денешни услови оние што веќе се пријавиле дека сакаат да скокаат по крстот влегуваат во водата за први да дојдат до него. Секако дека во медиумското презентирање на празникот кулминација претставува фрлањето на крстот и неговото фаќање од страна на млади момчиња, како и наградата што ја добива оној што го фатил крстот. Но, не помалку внимание се обрнува на масовното присуство и особено на присуството на поединци од политичкиот или од бизнис-животот. Исто така треба да се истакне, како еден посебен сегмент во медиумското презентирање, акцентирањето на наградите за најсреќниот (оној што ќе го фати крстот). Оваа особено било силно изразено кон крајот на минатиот и на почетокот на овој век кога наградата станува сама за себе цел на луѓето што се натпреварувале за крстот. Таквата перцепција доведува до низа немили случувања, кои покажуваат дека верувањето во моќта/среќата не е вистинскиот мотив за учество во церемонијата, туку наградите и шетањето со крстот по куќите за здобивање на материјална корист.[4] Во целиот контекст се вметнува и прашањето за местото на изведување на обредот, реките и нивната загаденост, наспроти верувањето дека на тој ден сите води се свети и соодветно на тоа и чисти во обредна смисла на зборот.[5] Според теоретските концепции, познати во етнологијата и фолклористиката, се смета дека верувањата лесно се прилепуваат до обредноста, која е тесно поврзана со митологијата и религијата. Објаснувањето на оваа врска не е лесно, особено ако се поврзува со обрасците на традиционалниот пристап кон просторот (природата и „целиот свет“). Станува збор за своевиден вид митски поглед на светот, кој, времето и просторот, го сфаќа на посебен начин (повеќе: Toporov 1988:12 во Belaj 1998:23). Според тој пристап секој човек е инкорпориран во составот на верувањата на својата заедница уште пред на се роди, што продолжува и по неговата смрт.

„Постојат повеќе патишта задолжени за формирање и за подигање на нивото на еколошката свест, поврзани со најширокото информирање преку телевизијата, радиото, интернетот, стручната литература,

---

со пуштање на крстот во корито („мрамор“, „јелак“) од чешмата или во некој котел со вода. Потоа крстот му се дава на оној што по пат на наддавање ќе понуди најмногу пари, и тој станува „кум на крстот“ до следните Водици (Малинов 2006: 115–118).

[4]https://religija.mk/skandalite-za-vodici-stanuvaat-tradicija-vo-shtip-godinava-krstot-ostanuva-kaj-vladikata/

[5]https://a1on.mk/macedonia/gdu-vo-shtip-e-faten-svetiot-krst-no-mozhebi-i-esherihija-koli-od-izmetot/

организирањето трибини и еколошки активности на владините и на невладините еколошки движења. Вториот начин на дејствување е поврзан со институционалното и со неформалното образование на младите и создавањето на еколошка литература за нив. Додека третиот начин кој е и најмалку развиен е преку создавање на еколошка литература за возрасни“ (Мојсиева-Гушева 2019: 87). Сметаме дека отворањето на прашањата поврзани со екологијата е можно и преку филмот како дел од севкупниот медиумски и културен контекст. Во современото општество медиумите имаат значајна улога и тоа не само во претставувањето на традициската култура, туку во сите аспекти од нашиот живот. Во однос на традицијата медиумите имаат моќ да вршат нејзина реконструкција и интерпретација. Кога традицијата подлегнува на интерпретација на консументите, добива поинаква димензија. Во теоријата што се занимава со медиумите се смета дека сѐ уште во општеството доминира еднонасочна комуникација, која е карактеристична за телевизијата и за филмот, покрај развојот, постоењето и се поголемата употреба на интернетот, каде што комуникацијата меѓу испраќачот на медиумската содржина и консументот е двонасочна. Во рамките на преиспитувањето на медиумската перцепција на празнувањето на Водици во текстот се осврнувам на филмот „Господ постои, името ѝ е Петрунија“[6], којшто е инспириран од настанот што се случил на Водици 2014 година кога жена го фатила крстот фрлен во реката Брегалница во штипско Ново Село. Инспирацијата за филмското сценарио е преку преиспитувањето на христијанските табуа во однос на жените (фаќањето на крстот, влегувањето во олтарот и сл.) да се преиспита нејзиното место во современото општество. Како што останува забележано во написите по повод снимањето на филмот во 2014 година првпат во историјата на Штип и пошироко крстот го фатила жена, во конкуренција на 40 момчиња. Но случката е карактеристична по тоа што пред очи на присутниот народ крстот од нејзините раце насилно ѝ го зеле момчињата, кои скокле во реката. Подоцна, свештениците носат одлука дека крстот прва успеала да го фати девојката, по што од Епархијата и од градоначалникот ги добила предвидените награди. Во контекст на нашето истражување ќе забележиме дека по овој настан, останува забележано, дека некои свештени лица добиле големи забелешки и укор. Самата девојка, која го фатила крстот во Штип, тогаш изјавила дека како верник е пресреќна и на сите им посакала здравје. Како што стои во најавата на снимањето на филмот инспириран од оваа случка, нејзините пријателки велат дека таа и

---

[6] Автори: Теона Митевска (режија), Елма Татарагиќ и Теона Митевска (сценарио), Лабина Митевска (продуцент), Вирџини Сант Мартин (директор на фотографија)

денес нема никакви предрасуди за тој чин и смета дека верниците без разлика на пол имаат право на тоа.[7]Секако дека опишаната случка е само повод да се сними филм во кој се соочуваме со бруталната реалност, преку луѓето од различни возрасти и различни слоеви на општеството, соочувајќи се со нивните искушенија и стравови.

Празникот Водици и случката од 2014 година, кои ги има во основата на приказната, овде служат да се референцираат географските и историските контексти. „Господ постои, името ѝ е Петрунија“ е филм, кој, својата естетика, ја насочува кон маргинализираниот свет, кој живее на периферијата, за да се открие местото на жената во него. Филмот ја раскажува приказната за Петрунија (ја игра –Зорица Нушева), која не одговара на доминантните сфаќања за убавината, ниту пак нејзините однесувања се вклопуваат во границите наметнати од нејзината култура. Во сценариото се покажуваат нејзините најинтимни желби, кои се во постојан конфликт со средината што ја опкружува: тие транзитираат од патријархалните сфаќања на мајка ѝ до цела непријателска средина, која ја засилува нејзината несигурност во однос на сопствените можности и способности. Ликот на Петрунија го илустрира скршеното себство поради нејзиното одбивање да се вклопи во средината. „Искуството на ̓единството̒ во идентитетот не е ништо повеќе од привилегија да се биде дома среде доминантната култура, да се чувствувате интегрирано во неа. Тоа е принудена личноста да научи важни лекции за тоа да биде мутант во туѓи светови, ̓од потребата за опстанок̒, но може да научи важни лекции на игриви, флексибилни и ненаметливи начини за тоа како да се биде субјект“ (Bordo, 2000, 27). Тоа е културна непослушност, која, преку креативноста на главниот лик, служи како стратегија за остварување на сопствените права. Токму затоа нејзиниот став удира, очигледно и директно, бидејќи е дел од процесите на субјективација.

Петрунија, чие битисување се одвива на маргините на општеството, одеднаш се наоѓа во средиштето на традиционалната прослава кога, парохискиот свештеник, го фрла крстот во локалната река, додека стотици мажи нуркаат за да стигнат до него, кој според ветувањето ќе и донесе: благослови, среќа и просперитет. Таа, по низата непријатни случки наоѓајќи се во безизлезна ситуација се фрла во реката и доаѓа до саканиот објект, на изненадување на присутните. Тоа е мигот кога таа станува главна протагонистка, на спорот меѓу сопственото достоинство и востановеното право во патријархално општество, со кое е во субверзивен однос. Случката на симболички план може да се

[7]https://sdk.mk/index.php/kultura/teona-mitevska-vo-shtip-snima-nov-film-inspiriran-od-zhenata-shto-go-fati-krstot-na-voditsi-vo-2014/

поврзе и со водата, која, како елемент, го поттикнува изразувањето надвор од бинарноста на зададените машко-женски улоги. Таков е и резултатот од настанот, кој е традиционално резервиран за мажи. Но, присутните мажи го доведуваат во прашање нејзиниот успех и во текот на филмот сме сведоци на сага во која до израз доаѓа дехуманизирањето со допири на иронија.

Меѓутоа, во филмот исто така доаѓа до израз преиспитувањето на црковните канони како структура и надградба во формирање на општество. Овде доаѓаме до дискусијата за традициите и идеологиите што постојат „сами по себе" бидејќи тие отсекогаш постоеле, но кои се дел од една културна средината, која продолжува да диктира модели на живот, однесувања и субјективности, кои не им се од користи на жените. Распоредот на идеите и верувањата од тоа време го претставува духот или расположението, кое е доминантно во одреден период од историјата како што е прикажано во филмот. Доведување на наративот во близок контакт со напливот на конзервативни идеи, кон жените, ни ги покажува различните форми на контрола и репресија, кои се резултат на наследството и дихотомната и хиерархиска категорична логика, која се однесува на: расата, родот и сексуалност (Lugones, 2014:935). Ова нѐ наведува да кажеме дека Петрунија, која случајно доаѓа до крстот, семиотички претставува симбол на спротивставувањето на востановениот ред. Тоа е борба во која до израз доаѓа посветеноста и вербата во слободата, еднаквоста и солидарноста како новите милениумски предизвици. Ова е обид да се исцрта еден нов хоризонт, во кој се воспоставува врската меѓу сексизмот и еколошката свест: на културно-симболичко и на социоекономско ниво. Развојот на општествените обрасци, длабоко вкоренети во искривувањето на родовите односи, доаѓа со подемот на патријархалните општества, кои ги ставеле жените во инфериорна положба. Системот на доминација општествено се конструира врз идеолошките алатки, кои го ратификуваат како одраз на „природата на нештата" и на „волјата на Бог/боговите". За потврда на оваа конструкција беа создадени приказни преку кои може да се прикаже овој хиерархиски општествен поредок како самиот одраз на космичкиот поредок (Ruether 2012: 22–33).

Заплетот во филмот се развива во насока на остварување на правата на Петрунија што било можно само преку спротивставување на религиозните правила, кои претставуваат, во тој контекст, помоќен морален кодекс од самиот кодифициран закон. Тоа се гледа преку спротивставените ставови на Свештеникот, кој тврди дека главниот лик ги прекршил црковните правила, додека Судијата стои на ставот дека таа не сторила никакво кривично дело и затоа не може да ја

принуди да го врати крстот. Меѓу нив се одвива дијалог со кој се демонстрира борба во однос на моќта што двајцата ја имаат, правилата на човекот наспроти Божјите правила. Во однос на главниот лик, единствената моќ што таа го поседува е стекнатиот предмет (крстот), кој со ревност го чува. Во меѓувреме, главниот лик сфаќа постепено дека овде се става на испит нивното лицемерие: таа не крадела, ниту го украла крстот, а голема група луѓе беа сведоци на сите факти. Прашањата поврзани со законитоста и со злоупотребите на власта се присутни во текот на филмот и постојано се ревидираат, како и на принципи на: изономија, пропорционалност и разумност, доведена во прашање преку мерките и одлуките на вклучените ликови. Притоа, под погледот на свештеникот, верскиот обичај се запазува како а извор на правото. Правната власт произведува и прикрива, во исто време, субјекти пред законот. Секој што не е претставен со овој дискурс на права не постои затоа што нема можност надвор од нормата. Тука е улогата на човековите права. Човековите права се културни процеси, не претставуваат едноставни освојувања, но прилично постојани дискурзивни и социјални спорови (Flores, 2009) или како што забележува Батлер (2003), правата се перформативни говорни акти, како тие го диктираат однесувањето кога го произведуваат она што тврдат дека го претставуваат. Критичката теорија во пристапот кон овие права се обврзува на мисијата да овозможи социјална трансформација преку културните процеси на борба за достоинство и признание од разлики до историски исклучени групи. Приближувајќи се на крајот на едно исцрпувачко, но, патување, Петрунија го прашува свештеникот дали би било „толку лошо да го земе крстот?“ што тој го демантира, но информира дека би требало да ја одржува благосостојбата на населбата и на собранието. „А мојата благосостојба?“, поставувајќи го тонот на филмскиот резултат. Филмот, преку концизните дијалози и мноштвото знаци нè учи дека иако сакал мали нешта, главниот лик се соочил со големи ризици како резултат на што го победува системот: „Филмот завршува на тој начин што Петрунија ќе мора да биде пуштена бидејќи нема никакви докази дека го украла крстот, ќе излезе храбро и со насмевка на лицето, па на крај и самата ќе му го даде крстот на попот, кој конечно ќе сфати и ќе признае дека сепак е нејзин бидејќи таа го фатила, но Петрунија само му одговара: Ѐеќе не ми треба̀, и гордо си заминува, со полна душа, минувајќи низ целото тоа, заминувајќи на голема врата. Ѐшто ако Господ беше жена̀ е реченицата која на крај ја изговара нејзин пријател во интервју, како одговор на новинарка која

цело време се обидува да направи сторија за овој настан“.[8] Со оваа постапка, преку филмската нарација, се трансформираат елементите, кои ја поврзуваат религијата со правдата во политички инструменти, кои го легитимираат практикување на лажна моќ.

Гледаме на кој начин традиционалните „добри обичаи“ резултираат со систематски прекршувања на основните права на човекот/на жената, но од друга страна отвора простор за негово дејствување во еден вид генерализиран хаос, за кои не се свесни ниту самите гласноговорници на овие обичаи. На пример, во одреден момент од филмот Петрунија, незаконито е во притвор во полициска станица. Тоа претставува просторот, кој е надвор границите на регуларниот систем, во кој доминира патријархална перспектива за позицијата на жената и на мажот, но тој станува простор во кој може да се тематизираат и проблематизираат современите табуа. Просторот надвор од регулираното дава основа за субверзивно поставување во однос на конзервативните патријархални вредности. Тоа добро се глада во сцените кога ја ослободуваат – таа не може да го напушти местото бидејќи групата мажи, кои сметаат дека имаат право на крстот, стојат на вратата од установата. Во секвенцијата, во која се прикажува цветниот фустан на протагонистката во моментот кога се обидува да побегне од полициската станица, на суптилен начин убавината се спротивставува на насилните луѓе што се туркаат и фрлаат вода на Петрунија. На тој начин се прикажуваат периодите на виктимизација и ревиктимизација како илустрација на вистинското и на симболично насилство. Иако во текот на целиот филм се двоуми, Петрунија не запира во својата борба со што го поставува прашањето: Дали е изводливо да се донесе промена во културата без трансформација на традициите?

Како одговор на оваа прашање, во последните неколку децении религиско-патријархалниот поглед на свет се најде на критика од страна на новите теоретски насоки на антропологијата. Во насока на нашето истражување може да се каже дека пресекот на полот, екологијата и религијата доаѓа од неколку правци, вклучувајќи ги жените и одржливоста. Ако во минатото теоријата на феминизмот не го доведувала во прашање на антропоцентричниот светоглед во кој мажот и жената заедно се создадени да доминираат и владеат над природата. Со појавата на екофеминизмот [9] се преиспитува патријархалната

---

[8] https://www.slobodenpecat.mk/retsenzija-gospod-postoi-imeto-e-petrunija-zhenata-koja-ja-dobi-borbata-so-patrijarhalnoto-opshtestvo-vo-koe-zhiveeme/

[9] Во случајот на екофеминизмот можат да се определат повеќе патеки по кои се движи теоријата, која се однесува на будењето на свеста за значењето на природата. Првиот води преку проучувањето на политичката теорија и историја. Вториот пат кон

космологија и препознавање на потребата да се справи со целата структура на Христовата приказна, а не само со родовите односи во нејзината антропологија. Еколошките и општествените услови од дваесеттиот век бараат феминизмот и екологијата да играат клучна улога. Од една страна, жените доаѓаат до самосвест и започнуваат да ги надминуваат бариерите, кои со векови се поставуваат против нивното целосно вклучување во општествените процеси. Од друга страна, неодржливоста на моделот за техно-економски развој станува сѐ појасна бидејќи има деструктивна природа што ја компромитира иднината на човештвото. Еколошките и социјалните проблеми на нашето време бараат анализа и осуда на економските интереси вклучени во уништувањето на животната средина. Во современиот капиталистички свет, под ненаситната потрага по пари и сеприсутниот дискурс на конкурентност, доаѓа до израз желбата за моќ, преку истакнувањето на патријархалниот модел на општеството. Тоа се однесува, пред сѐ, на прикажувањето не само на жените, туку и на сите угнетени општествени класи како „поблиски до природата“. „Особено, во патријархалното општество, изборот на женски метафори е здрав противотров на културното омаловажување на жената“ (Spretnak 1993: 187). Оттука, критичкиот пристап кон родовите стереотипи е исто така неопходен за да се постигне култура на одржливост. Основниот концепт на екофеминизмот е сознанието дека различните системи на угнетување се „заемно зајакнувачки“. Овие заканувачки системи ги гледаат во патријархално општество, кое, според нив, се темели врз четири „испреплетени столбови“ одразени преку: расизмот, сексизмот, класна експлоатација и уништување на животната средина. Ако се согласиме со истражувачите дека еколошките и социјалните проблеми на нашето време бараат анализа и осуда на економските интереси вклучени во уништувањето на животната средина, тогаш критиката на родовите идентитети е исто така неопходна ако сакаме длабока етичка политичка трансформација што оди подалеку од рационалното управување со

---

екофеминизмот е свртен кон религијата заснована на природата, вообичаено поврзана со Божицата на плодородието, која го одржува цикличното обновување и регенерација. Во средината на седумдесеттите, многу радикални/културни феминистки го доживеаја оваа возбудливо откритие, преку историски и археолошки извори, на религијата што ја почитуваше жената, древната Божица. Тие сметаат дека тој период на воскреснување на одамна заборавениот свет мит и ритуал ги изразуваа нашите најдлабоки чувства за духовност исполнета со еколошка мудрост и целост. Третиот пат кон екофеминизмот доаѓа од екологијата. Поточно, жените и мажите, кои се вклучуваат во зелената политика од еколошки причини, таму ги откриваат екофеминизмот и длабинската екологија (според: Spretnak1987).

ресурсите. Не станува збор за запаѓање во есенцијализми или во дискурс за пофалба што ги прави жените самоодрекливи спасители на екосистемот, туку за препознавање на исклучително вредните капацитети во градењето на емпатија и внимателна грижа, кои треба да ги научиме од детството и да ги применуваме понатаму во животот (Velasco Sesma, 2017).

Кога станува збор за еко-/етно перспективите на филмот, треба да се спомене камерата на Вирџин Сен Матен, која ни дава прецизни и суштински реплики како во димензионирање на карактерите, така и во градењето на атмосферата, која ги изедначува внатрешните чувства на ликот со околината во која се случува настанот. Така со помош на камерата авторките нè воведуваат во дејството преку пустите магловити улици на градот. На сличен начин е прикажана и маргиналноста преку пејзажот во кој се појавува куќата во која живее Петрунија. Изгубеноста и очајот го гледаме во сликите на мостот во кои Петрунија држи во рацете торзо од кукла, пред да скокне во водата. Во сите овие слики доминира сивилото, со темните бои маглата, кои претставуваат антипод на кадарот, во кој Петрунија станува свесна дека е во право. Во овој кадар фокусот е на нејзиниот цветен фустан, додека зад главната актерка се појавува плакат со зелена шума. Но, исто така, на ниво што се однесува до мотивацијата и поттиците на дејствување на главниот лик може да се забележи дека постојат и постапки преку кои таа се поврзува со природата, тоа моментот на ритуалното будење (трансформација). Во филмот „Господ постои, името ѝ е Петрунија“ трансформацијата започнува токму со ритуалот на обредното капење (фрлањето по крстот). Оваа сцена се темели врз верувањето дека со влегувањето во светата вода во името на Исус, човекот не ги мие само сопствените гревови, туку тој симболично умира во стариот живот за да се роди повторно во новиот, а тоа и случува и со Петрунија. Тоа е моментот на почетокот на будењето, кој претставува само почеток на нејзиното патешествие кон трансформацијата. Па, така може да се каже дека овде еко-/етно перспективи иако не се присутни во нарацијата, суптилно се вметнуваат преку филмските слики. Во оваа постапка гледаме желба да се постигне трансформација во одржливост, за чија цел треба да се постигне културната промена на човештвото. Тоа е насоката да се постигне хармонизација преку културата на општеството со природната средина, односно колку таа бара особени начини на однесување и колку дадениот образец на однесување дозволува одредена широчина. Значи средиштето или клучот на оваа теорија е прилагодување кон средината.

Анализата на филмскиот наратив преку различните етно-/еко перспективи покажува како можеме да управуваме со природата на начини, кои не го загрозуваат еколошкото функционирање. Целта е да се постигне трансформација во одржливост, за чија цел треба да се постигне културната промена на човештвото. Но, ако не можеме да го смениме светот, барем да се обидеме да отвориме дискусија. Тоа го прават авторите на филмот користејќи ги сите расположливи средства, ставајќи го фокус на своето остварување прашањата што се однесуваат на повеќе аспекти на современото живеење. Започнувањето со овие теми во рамките на филмската уметност секако дека носи предзнак „провокација", но само ако, во разрешницата, се нуди некаков излез иако во случајов одлуката е тој само да се насетува, што исто така е сосема легитимно. Преку анализата на филмот „Господ постои, името ѝ е Петрунија" во контекст на медиумското претставување на традицијата и нејзиното место во современите општествени односи се обидовме да ги поттикнеме заборавените начела преку кои се воспоставува врската меѓу човекот и природата. Медиумите, како проводници на културните и на други пораки на различните општествени и културни елити, во решавачка мерка го обликуваат не само јавното мислење, туку и сè повеќе секојдневјето и начинот на живот на членовите на општеството. Посредничката функција на медиумите ги условува тие да не ја прикажуваат вистинската слика на стварноста, туку нејзина селективна и општествено конструирана репрезентација. Во таа смисла сметаме дека постои можност за презентацијата и промоцијата на традиционалните културни форми и фолклорот во интерес на промовирање и презентацијата на нов вредносен систем во контекст на еколошката свест. Сметаме дека таквиот приод нема да го намали значењето на празнувањето, туку може да ги исфрли на површина изворните значења. Медијаторската функција, која им е дадена на медиумите преку нивната улога: не само да ја комуницираат сликата на реалноста, туку да ја претставуваат преку високо селективна и социјално конструирана презентација на дадена реалност. Оттука сите наведени размислувања водат кон заклучокот дека филмската нарација, како начини на комуникација, може да се примени со цел да се подигне свеста за значењето на природните ресурси, нивното значење.

Затоа ќе ги завршам овие редови со повик да ја извршиме нашата задача под мотото „Слобода, еднаквост и одржливост". Од нашата постметафизичка сегашност, во овие времиња на економска и еколошка криза, на појава на различни видови, на реакција и регресија во однос на општествените случувања сметаме дека преку медиумите како е можно да се влијае да се изгради друг свет,а, за да се прибли-

жиме до овој хоризонт, мора неуморно да се работи за да изградиме еколошка култура на еднаквост.

**References/Литература:**


Малинов, Зоранчо. (2006). Традицискиот народен календар на шопско-брегалничката етнографска целина. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков". A review of: Malinov, Zorancho (2006). Tradiciskiot naroden calendar na šopsko-bragalničkata etnografska celina [The traditional folk calendar of Shop-Bregalnitsa etnografic entirety]. Skopje: Institut za folklore "Marko Cepenkov". (In Macedonian.)

Мојсиева-Гушева, Јасмина. (2019). Екологијата како книжевна тема (врз македонски и хрватски примери). Đurić D., Zubčić S. (ур.), Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze, Zbornik radova s Petoga međunarodnoga znanstvenoga skupa održana u Rijeci 6. i 7. listopada 2017 Sveučilište u Rijeci, Filozofski fakultet: Rijeka, 85-99. Mojsieva-Gusheva, Jasmina. 2019. Ekologijata kako književna tema (vrz makedonski i hrvatski primeri [Ecology as a literary topic (Macedonian – Croatian parallels)]. Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze, Zbornik radova s Petoga međunarodnoga znanstvenoga skupa održana u Rijeci 6. i 7. listopada 2017 Sveučilište u Rijeci, Filozofski fakultet: Rijeka, 85-99 p.. (In Macedonian.)

Паликрушева, Галаба. (1975). Кумството и побратимството на Свети Јован. Македонски фолклор, год. VIII, бр. 15-16, Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков", 65-73. A review of: Palikrusheva, Galaba. (1975). Kumstvoto i pobratimstvoto na Sveti Jovan [The godfather and brotherhood of Saint John]. Makedonski folklore, god. VIII, br.15-16, Skopje: Institut za folklore "Marko Cepenkov", 65-73p. (In Macedonian.)

Петреска, Весна. (2014). Културно сеќавање и презентација на минатото преку религиско-обредната пракса. Македонски фолклор, бр. 69, Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков", 105-117. A review of: Petreska, Vesna. (2014). Kulturno sećavanje i prezentacija na minatoto preku religisko-obrednata praksa [Vesna Petreska, Cultural memory and presentation of the past through religious – ritual practice]. Makedonski folklore, god. XXXVI, br. 69, Skopje: Institut za folklore "Marko Cepenkov" 105-117 p.. (In Macedonian.)

Петреска, Весна. (2020). Ритуалното сродство во народната култура. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“. A review of: Peterska, Vesna. (2020). Ritualnoto srodstvo vo narodnata kultura [Ritual kinship in folk culture]. Skopje: Institut za folklore “Marko Cepenkov”. (In Macedonian.)

Belaj, Vitomir**.** **(**1998). Hod kroz godinu. Mitska pozadina hrvatskih narodnih običaja i vjerovanja. Zagreb: Golden marketing.

Bordo, Susan. (2000). A feministacomo o outro. Revista Estudos Feministas, Centro de Filosofia e Ciências Humanas da UFSC, v. 8, n. 1, 10-29.

Butler, Judith P. (1990). Gender trouble. Feminism and the subversion of identity. New York, London: Routledge.

Creando, Mujeres. (2005) La virgen de los deseos. Buenos Aires: Tinta Limón.

Flores, Joaquin H. (2009). A (re)invenção dos direitoshumanos. Florianópolis: Fundação Boiteux,.

Koprek, Ivan. (1996). “Ekoetika” во *Etika–priručnik jedne discipline*, I.Čehok&I.Koprek (eds.), Zagreb : Školska knjiga, 186.

Lugones, María. (2014) Rumoa um feminism descolonial. Estudos Feministas, Florianópolis, v. 22, n. 3, p. 935-952.

Spretnak, Charlene. (1993). “Critical and Constructive Contributions of Ecofeminism.” In *Worldviews and Ecology*. Ed.Peter Tucker and Evelyn Grim, 181-189. Philadelphia: Bucknell Press.

Spretnak, Charlene. (1987) “Ecofeminism.” in *Ecospirit*vol.III N 2. http://home.moravian.edu/public/relig/ecospirit/issues/vol3no2.pdf

Radford Ruether, Rosemary, (2012). Ecofeminism – The Challenge to Theology https://www.unive.it/pag/fileadmin/user_upload/dipartimenti/DSLCC/documenti/DEP/numeri/n20/06_20_-Ruether_Ecofeminism.pdf

Velasco Sesma, Angélica. (2017). *La Ética Animal. ¿Unacuestión feminista?*. Madrid: Cátedra.

## Извори

https://a1on.mk/macedonia/gdu-vo-shtip-e-faten-svetiot-krst-no-mozhebi-i-esherihija-koli-od-izmetot/[Пристапено на 21.1.2023 г.].

*God Exists, Her Name Is Petrunija* https://www.imdb.com/title/tt8054608/ [Пристапено на 21.1.2023 г.].

http://kinoteka.mk/[Пристапено на 21.1.2023 г.].

https://religija.mk/skandalite-za-vodici-stanuvaat-tradicija-vo-shtip-godinava-krstot-ostanuva-kaj-vladikata/[Пристапено на 21.1.2023 г.].

https://www.slobodenpecat.mk/retsenzija-gospod-postoi-imeto-e-petrunija-zhenata-koja-ja-dobi-borbata-so-patrijarhalnoto-opshtestvo-vo-koe-zhiveeme/[Пристапено на 21.1.2023 г.].

https://sdk.mk/index.php/kultura/teona-mitevska-vo-shtip-snima-nov-film-inspiriran-od-zhenata-shto-go-fati-krstot-na-voditsi-vo-2014/[Пристапено на 21.1.2023 г.].